**Г р а д   С к о п ј е**

**Предлагач:** Градоначалник на Град Скопје

**Изготвувач:** Сектор за јавни дејности

**Претставник:** Секретар на Град Скопје

**Повереник:** Раководител на Сектор за јавни дејности

# Предлог - Одлука
## за давање на трајно користење на движни ствари на ЈУ Градска библиотека “Браќа Миладиновци“-Скопје

Скопје, март 2023 година

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" број 05/02), Советот на Град Скопје, на ___________ седница, одржана на ______ март 2023 година, донесе

**Одлука**
**за давање на трајно користење на движни ствари на**
**ЈУ Градска библиотека "Браќа Миладиновци"-Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука Град Скопје дава на трајно користење на ЈУ Градска библиотека "Браќа Миладиновци"-Скопје движни ствари - информатичка опрема од 100 преносни компјутери од моделот Lenovo ThinkPad L14 Gen 1 (AMD) P/N 2OU6CTO1WW, од Владата на Република Северна Македонија.

Движните ствари од став 1 на овој член, се даваат на трајно користење, без надомест, согласно Одлука за престанок и за давање на трајно користење движни ствари на Град Скопје („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.262/22) и Одлука за прием на движни ствари на трајно користење на Советот на Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр. 2/23).

**Член 2**

Градоначалникот на Град Скопје и Директорот на ЈУ Градска библиотека "Браќа Миладиновци" ќе склучат договор со кој поблиску ќе ги уредат правата и обврските за приемот на движните ствари од член 1 став 1 на оваа Одлука.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Град Скопје".

Број _______________
март 2023 година
С к о п ј е

СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Трајко Славески

Образложение

Правен основ за донесување на оваа одлука е членот 36 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија“ број 05/02), согласно кој Советот на Град Скопје е надлежен да донесе одлука.

Согласно Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Град Скопје („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.262/22), Градот Скопје донесе Одлука за прием на движни ствари, 100 преносни компјутери од моделот Lenovo ThinkPad L14 Gen 1 (AMD) P/N 2OU6CTO1WW, за потребите на Јавната установа Градска Библиотека “Браќа Миладиновци” во Скопје.

Врз основа на горенаведената Одлука на Советот на Град Скопје и на Владата на Република Северна Македонија , Советот на Град Скопје го овластува Градоначалникот на Град Скопје да склучи договор со Директорот на ЈУ Градска библиотека “Браќа Миладиновци“ со кој поблиску ќе ги уреди правата и обврските за приемот на движните ствари.

Поради горенаведеното, се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената Одлука за давање на трајно користење на движни ствари на ЈУ Градска библиотека “Браќа Миладиновци“-Скопје,